РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

# АНАЛИЗА НА СУДСКАТА МРЕЖА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Изготвиле:
д-р Љубица Караманди Попчевски, државен советник и
м-р Нино Наумов, советник - аналитичар

Скопје
декември 2018 година

# I. ВОВЕД

Подготвувањето на анализа на судската мрежа во Република Македонија произлезе како обврска од Стратегијата за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017 – 2022 година (во натамошниот текст: Стратегијата). Имено, Стратегијата ги предвиде квалитетот и ефиканоста како стратешки цели на правосудниот систем за чие остварување, меѓу другото, предвиден е развој на управувањето со човечките ресурси во правосудниот систем и усогласувањето на бројот на судии во Република Македонија со европскиот просек по глава на жител.

Досегашните истражувања упатуваат на проблеми во однос на мрежната поставеност на судскиот систем во Република Македонија од повеќе аспекти. Имено, се истакнува разликата во оптовареноста меѓу судиите од различни судови, неможноста за специјализација на судиите во помалите судови која во пракса се чини пречка за нивно унапредување во повисок суд, негативниот ефект од делегирањето на судиите, концентрација на судска моќ и слично.[1] Во таа смисла, мора да се истакне проблемот што во судовите со мал број на судии практично е невозможна правична распределба на предметите затоа што реално нема судии кои работат на истиот вид на предмети што повратно ја зголемува моќта на судиите во помалите населени места.

Целта на оваа анализа, пред сѐ, е да се утврди состојбата во однос на обемот на работа на судовите и нивната оптовареност, да се даде една хронолошка слика за изменетите состојби во судовите и да се дадат препораки за идни активности во насока на рационализација на судската мрежа и зголемување на ефикасноста на судовите. Ваква анализа е неопходна претпоставка за сите следни законодавни и организацони чекори.

Ревидирањето на судската мрежа носи повеќе предизвици. Имено, потребно е да се обезбеди брза, ефикасна и квалитетна правда, притоа искористувајќи ги сите придобивки на денешницата: подобра инфраструктура, информатичка технологија, современи начини на решавање на спорови (медијација и сл.). Од една страна, постојната патна мрежа, економските состојби и пристапот до правда, се апсолутно релевантни критериуми кои мора да бидат земени во предвид при донесување на решенијата за ревидирање на судската мрежа. Од друга страна, постојат и други важни критериуми, како минимум големина на суд со цел да се обезбедат надлежностите и

---

[1] Проценка на влијанието на регулативата (ПВР) на Законот за судови, Институт за европска политика, Скопје, 2018 година, достапно на http://epi.org.mk/docs/Rabotna%20verzija_PVR_Zakon_za_Sudovi.pdf, стр.21-23

функциите, намалување на трошоците на администрацијата, односно нивна оптимизација, максимизација на квалитетот и сл.

Очекувањата се дека оваа анализа ќе повлече дебата во стручната јавност од која ќе произлезат корисни препораки и насоки. Следствено, Министерството за правда, Судскиот совет и Врховниот суд ќе треба да преземат активности, согласно своите надлежности за остварување на целите на реформата на правосудниот систем на Република Македонија.

Заради краткото време и ограничените ресурси, оваа анализа се фокусира на основните судови во Република Македонија, а пред сѐ, основните судови со основна надлежност.

## II. ПРЕПОРАКИ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА ЕФИКАСНОСТ НА ПРАВДАТА ЗА КРЕИРАЊЕ НА СУДСКИ МАПИ

Секоја европска држава во своите чекори за ревидирање на судската мрежа мора да ги земе предвид препораките на Европската комисија за ефикасност на правдата (во натаможниот текст: *CEPEJ*) содржани во Ревидирачниот водич за креирање на судски мапи од 2013 година (во натамошниот текст: Водичот).[2] Имено, нагласено е дека ревидирањето на судските мрежи е нешто што е спроведено во повеќе европски земји како резултат на утврдените аномалии во географската поделба на судовите која конечно резултирала со разлики во работата меѓу судовите и нивната ефикасност. Водичот истакнува дека утврдувањето на нова судска мрежа е комплексна активност која треба да се раздели на неколку фази и трае подолг период пред целосно завршување. Целта е да се изградат и оптимизираат врските, односно да се координираат седиштата на судовите и нивните канцеларии со другите институции, бизнисите и граѓаните.

Начинот на ревидирање на судските мрежи е оставено на секоја земја. Така, во Италија каде реформата опфати 2000 судови, беше одлучено да се изврши спојување на помалите со поголемите суда. Други земји избраа намалување на бројот на судови преку укинување на помалите судови (Данска, Норвешка и Холандија).

Еден критериум за донесување на одлука за ревидирање во Италија бил големината на судот и резултатите од работата во петте години кои претходеле на

[2] CEPEJ, Revised Guidelines on the Creation of Judicial Maps, 6 December 2013

анализата. Така, судовите кои биле под аритметичката средина на предметите во работа на сите судови биле споени со поголеми и попродуктивни судови. При тоа, *CEPEJ* идентификува клучни фактори за одлучување (густина на население, големина на суд, проток на постапки и обем на работа и географска локација, инфраструктура и транспорт) и дополнителни фактори (компјутеризација,техничка опременост на судот, ниво на бизнис, медијација, можност за правна помош и ангажирање на судии и персонал, соработка со надворешни системи (затвори, јавнообвинителства, полиција).

*CEPEJ* во својот Водич истакнува дека во транзицискиот период од стара кон нова судска мрежа мора да се обезбеди континуитет на судските услуги, соодветно да се организира логистиката (простор, опрема и сл), да се минимизираат ризиците од судски дисконтинуитет, да се промовира позитивна реакција кај персоналот на промените, да се работи на стабилизирање на психолошката клима и мотивација на персоналот и да се обезбеди конзистентност на информациите и намалување на ризикот од ширење на лажни пораки од „неофицијални“ извори.

## III. КРАТОК ИСТОРИСКИ ПРЕГЛЕД

Судовите во нашата држава беа воспоставени со Повелбата за устројство на народните судови на Федералната Македонија бр.36 на АСНОМ од 31 март 1945 година. Со Повелбата беа утврдени 26 околиски судови (првостепени), 3 обласни (второстепени) и Врховниот суд во Скопје. Низ годините биле донесени повеќе закони со кои се уредувала и се менувала надлежноста на судовите[3]

Судската мрежа која ја наследивме од претходниот систем беше воспоставена со Законот за редовните судови од 1976 година: 26 општински судови (судови од прв степен),[4] 3 окружни судови (Битола, Скопје и Штип) и Врховниот суд на РМ. Воедно, постоеле 3 окружни стопански судови (судови од прв степен) и Стопански суд на Македонија како второстепен стопански суд. Законот за судовите за прекршоци од 1985 година воспоставил и оштински судови за прекршоци и Републички суд за прекршоци.[5]

---

[3] *ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 1945 – 2002*, Врховен суд, Куманово, 2003 година, стр.168-200

[4] Тоа се денешните основни судови без Основниот суд во Виница

[5] 35 Години правосудство во СР Македонија, Републички секретаријат за правосудство, Скопје, 1982 година, стр.80-170

Законот за судовите од 1995 година воспостави таканаречен единствен судски систем кој го сочинуваа 27 основни судови, 3 апелациони (Скопје, Битола и Штип) и Врховниот суд на Република Македонија како највисок суд. Така, Виница доби основен суд, а беа укинати специјализираните стопански судови и судовите за прекршоци, па сите предмети беа дадени во работа на сите основни судови. Законот не направи разлика во именувањето на основните судови, но сепак, направи разлика во нивната надлежност,[6] па потешкиот вид на предмети го стави во надлежност на 16 (шеснаесет) суда.[7]

Законот за судовите, кој е во сила, беше донесен во 2006 година ( во натамошниот текст: Законот).[8] Законот ги подели основните судови на судови со основна и проширена надлежност,[9] при што стварната надлежност им ја зголеми на судовите со

---

[6] Проширената надлежност беше предвидена со член 32 од Законот за судовите кој предвидуваше дека: „Основните судови покрај надлежноста утврдена со член 30 на овој закон, за подрачјата за кои се основани, се надлежни за: а) судење во прв степен и вршење на работи во кривична постапка за кривични дела за кои е пропишана казна затвор над десет години и б) стопански престапи, имотни и други граѓанско-правни спорови во кои како странки се јавуваат општините, градот Скопје и Републиката, претпријатијата и други правни лица, иматели на дуќани и други поединци кои вршат регистрирана стопанска дејност, спорови на домашни правни и странски физички лица и меѓу странски физички и правни лица, постапка за стечај, присилно порамнување и ликвидација и спорови што притоа ќе настанат, спорови за статусни промени (поделба, спојување, припојување и организирање) и извршување на одлуки на тие судови, одлучува и за законитоста на поединечниот акт во управно-сметководствените спорови, за заштита поради незаконски дејствија, за признавање и дозволување на извршување на одлуките на странски судови, како и да вршат работи на меѓународна правна помош ако со закон не е определена надлежност на друг орган.

[7] Основните судови во Битола, Куманово, Прилеп, Струмица, Штип, Кочани, Кавадарци, Гостивар, Тетово, Велес, Гевгелија, Кичево, Охрид, Струга, Скопје 1 и Скопје 2.

[8] Закон за судовите („Службен весник на Република Македонија“ број бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18)

[9]Член 30 од Законот за судовите од 2006 година предвидува: „Основните судови со основна надлежност за подрачјата за кои се основани, се надлежни да одлучуваат во прв степен по кривични дела и прекршоци, и тоа: за кривични дела за кои со закон како главна казна е определена казна затвор до пет години, ако за некои кривични дела не е предвидена надлежност на друг суд, за кривични дела за кои со посебен закон е определена надлежност на суд со основна надлежност, да спроведуваат истрага или истражни дејствија за кривични дела од својата надлежност, за сите видови на прекршоци, освен за прекршоци кои со закон се ставени во надлежност на орган на државна управа или организација или друг орган што врши јавни овластувања и за жалби и приговори за постапките за кои се надлежни овие судови.

(2) Основните судови со основна надлежност се надлежни да одлучуваат во прв степен по граѓански спорови, и тоа: за спорови во имотно-правните и други граѓанско-правни односи на физички и правни лица, чија вредност е до 15.000 евра во денарска противвредност, доколку со

проширена надлежност.[10] Воедно, Законот ја намали надлежноста на основните судови во Кичево, Кавадарци и Гевгелија и ги вброи во основни судови со основна надлежност, а го предвиде и формирањето на Апелациониот суд во Гостивар и Управниот суд на Република Македонија, како и специјализираните судски одделенија во основните судови во Битола, Тетово, Скопје 1, Струмица и Штип за судење на дела од организираниот криминал. Воедно, Законот го утврди Основниот судови Скопје 1 како исклучиво кривичен и Основниот суд Скопје 2 како исклучиво граѓански суд. Измените на Законот  во 2008 година предвидоа постоење на специјализирано одделение за дела од организираниот криминал само во Основниот суд Скопје 1 Скопје при што неговата надлежност беше зголемена во однос на судовите со проширена надлежност.  Со измените во 2010 година се предвиде формирање на Вишиот управен суд кој ја презеде надлежноста на Врховниот суд за одлучување по жалби на Управниот суд и се зголеми надлежноста на основните судови со основна надлежност да одлучуваат во граѓанско – правни спорови до 50.000 евра.

---

закон не е предвидена надлежност на друг суд,  за спорови за утврдување и оспорување на татковство, мајчинство, утврдување на постоење на брак, за поништување на брак и развод на брак,  за законска издршка, за чување и воспитување на деца, за смеќавање на владение, за доживотна издршка, за надоместок на штета која не надминува 15.000 евра во денарска противвредност, во постапка за обезбедување и извршување, за работни односи, во спорови од наследно-правни односи, во вонпарнични и оставински работи, да водат тапии и  за други работи утврдени со закон."

[10] Членот 31 од Законот за судовите од 2006 година предвидува: „(1) Основните судови со проширена надлежност покрај надлежноста утврдена во членот 30 од овој закон за подрачјата за кои се основани, се надлежни да одлучуваат по кривични дела, и тоа:  за оние за кои со закон е предвидена казна затвор над пет години и за кривични дела и прекршоци извршени од малолетни лица, да спроведуваат истрага и истражни дејствија за кривични дела од својата надлежност, да постапуваат по предмети за екстрадиција, по жалби и приговори за постапките за кои се надлежни и да решаваат за постапки за меѓународна правна помош утврдена со закон. (2) Основните судови со проширена надлежност покрај надлежноста утврдена во членот 30 од овој закон за подрачјата за кои се основани, се надлежни да одлучуваат по граѓански спорови, и тоа:  за спорови во имотно-правните и други граѓанско-правни односи на физички и правни лица, чија вредност е над 15.000 евра во денарска противвредност, доколку со закон не е предвидена надлежност на друг суд, во трговски спорови во кои двете странки се правни лица или државни органи, како и спорови од авторски и други сродни права и права од индустриска сопственост, водат судски регистар за политички партии,  во постапка за стечај и ликвидација, во спорови за утврдување и обезбедување за присилно извршување и за спорови на домашни правни и странски лица кои произлегуваат од нивните меѓусебни стопански, односно трговски односи.

## IV. МЕТОДОЛОГИЈА И ВОСТАНОВЕНИ НЕДОСТАТОЦИ

Анализата ги разгледуваше состојбите во судството од 1 јануари 2008 година заклучно со 31 декември 2017 година, односно цели десет години од примената на Законот за судовите кој е во сила. Во тој цел период, многу активности се презедоа во реформирање на судскиот систем што влијаеше на промена на надлежноста на другите институции во правосудниот систем (Министерство за правда, Судски совет, Судски буџетски совет), а воедно, се извршија значителни промени во процесното и материјалното право што доведе до голема промена на видот на предметите, бројноста и нивното евидентирање во судовите. Сето горенаведено ја усложнува постапката при изготвување на ваква статистичка анализа.

Анализата се работеше врз основа на податоци добиени по службен пат од Судскиот совет и Судскиот буџетски совет, како и податоци кои Министерството за правда ги прибираше од судовите заради сопствени анализи и извештаи. **Првичниот проблем кој беше утврден е дека податоците за обемот на работа на судовите со кои располага Министерството за правда се разликуваат од оние кои ги достави Судскиот совет**. Со детално проучување на бројките, утврдивме дека не се усогласени податоците кои беа доставени од страна на Судскиот совет. На пример, Основен суд Делчево за 2008 година во табелата стои податок дека на крај на година има нерешени 1052 предмети, а за 2009 се наведени како нерешени од претходен период 755 предмети. Иста ситуација и со Основните судови во Кратово, Крушево, Куманово, Неготино, Ресен, Штип.[11]

Заради горенаведеното, ги споредивме податоците добиени од Судскиот совет со оние на Министерството за правда во однос на обемот на работа на судовите. Се утврди дека има одредени отстапки во статистиката низ годините (види Графикон 13). Така, Судскиот совет покажува повеќе предмети во однос на податоците на Министерството и тоа 24 664 предмети повеќе во 2009 година, 12660 во 2012 година, 23 867 во 2016 година и 20 631 предмети во 2017 година. Разликите не се мали, но заради целите на оваа анализа, истите се прифатени.

[11] Ваквата состојба со податоците укажува на неефикасност на Судскиот совет во работењето и потребата за повлекување на одговорност на членовите на Советот, односно предвидување на постапка за одговорност на членовите на Судскиот совет во Законот за Судскиот совет на Република Македонија

Освен податоците поделени по области (кривични, граѓански и останати),[12] како и стопанските предмети (трговски, стечајни и постапки за ликвидација) сите останати податоци кои се анализираат се врз основа на податоците на Судскиот совет на Република Македонија, земајќи го предвид фактот дека Судскиот совет е орган на судството кој е надлежен за утврдување на бројот на судиски места, за избор и разрешување на судии, следење и оценување на работата на судиите и на претседателите на судовите, па така, тој е органот со најрелевантни податоци за судството во Република Македонија.

***Но, секако дека ваквите отстапки во податоците се недозволиви и неприфатливи. Една сериозна држава мора да има единствена статистика за обемот на работа на судовите. Ова е показател дека мора сериозно да се работи на водењето евиденција, статистика и соработка меѓу надлежните чинители во правосудството. И мора да се преземат неопходни чекори во тој правец.***

Понатаму, тешкотиите со кои се соочивме при изработката на оваа анализа е фактот дека **судовите низ годините даваат податоци по различна методологија**. Имено, некои податоци во одделни години се заведени како предмети кои влегуваат во норма, некои години тие предмети се заведени како предмети кои не влегуваат во норма. Тоа ја отежнува можноста за споредување на предметите што е видливо од следната табела:

[12] Под поимот „останати" се опфатени оние предмети кои во периодот 2008 -2010 се водат како „неспорни предмети", во периодот 2011- 2013 како „административна работа на судот", а од 2014 навака како „предмети кои не се опфатени со ориентациона норма".

| НАЧИН НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА ВО СУДОВИТЕ СО ОСНОВНА НАДЛЕЖНОСТ НИЗ ГОДИНИТЕ[13] | | |
|---|---|---|
| **2008 - 2010** | **2011- 2013** | **2014-2017** |
| **КРИВИЧЕН ОДДЕЛ** | **КРИВИЧЕН ОДДЕЛ** | **КРИВИЧЕН ОДДЕЛ** |
| Истраги | Истраги – основно надлежност | Кривични полнолетни |
| Истражни дејствија | Истражни дејствија – О.И.Д. | Кривични малолетни |
| Кривични полнолетни | Кривични полнолетни:<br>- Основна надлежност<br>- Разни кривични дејствија<br>- Замолници<br>- Кривичен совет | Оценка на обвинителен акт во кривично |
| Кривични малолетни | Кривични малолетни | Определени дејствија во претходна постапка |
| Разни кривични предмети | // | Претходна постапка – КПП |
| Прекршочни предмети | Прекршочни предмети | Прекршоци |
| Извршни санкции<br>- Кривични<br>- прекршочни | Извршување на санкции<br>- Извршни кривични парични казни<br>- Извршни прекршочни парични казни<br>- К.У.И.КП Затворски предмети<br>Мерки на безбедност | Прекин на казна |
| Кривични замолници | // | Кривичен совет |
| Заверки ЗАВ – Х | // | Извршување на санкции |
| | | |
| **ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ** | **ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ** | **ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ** |
| Граѓански парници | Спорови од мала вредност | Спорови од мала вредност |
| Стопански парници | Имотни спорови – основна надлежност | Спорови од областа на сопственоста, облигациите и наследувањето |
| Стечаи | Семејни спорови | Семејни спорови |
| Разни граѓански | Работни спорови | Работни спорови |

[13] Табелата по случаен избор и направена врз основа на евиденција на Основниот суд во Кавадарци

| | | |
|---|---|---|
| | Трговски спорови | Трговски спорови |
| **НЕСПОРНИ ПРЕДМЕТИ** | Платни налози | Платни налози по пригово |
| Платни налози | Платни налози по приговор | Оставински предмети решени од судот |
| Вонпроцесни | Стечај | Физичка делба |
| Оставински | // | ВПП предмети |
| Здруженија на граѓани | // | Останати ВПП и РВПП |
| Извршни предмети<br>- Општи<br>- Стопански | Извршни предмети | Мерки за обезбедување |
| Приговор против неправилности | Оставински и вонпроцесни предмети:<br>- П.П.Н.И<br>- Разни граѓански предмети „Р“<br>- ЗАВ – С<br>- ЗАВ – Х Апостили<br>- ЗАВ НД<br>- Замолници<br>- Оставина<br>- Физичка делба<br>- Останати ВПП ПРЕДМЕТИ | Ликвидации |
| Тапии и интабулации | | Приговори (ППНИ) и идс |
| Заверки ЗАВ – НД | | Повторување на постапката |
| Хипотеки | | |
| Други ВПП Предмети | | **ПРЕДМЕТИ КОИ НЕ СЕ ОПФАТЕНИ СО ОРИЕНТАЦИОНА НОРМА** |
| Зав „х“ – апостили | | Разни кривични дејствија |
| Приговор против оставини | | Издадени дозволи за дејствија во стан на должник |
| Помолници граѓански | | Разни вонпарнични предмети РВПП |
| ///// | **АДМИНИСТРАТИВНА РАБОТА НА СУДОТ** | Разни граѓански предмети |
| | ///// | Разни прекршочни предмети |
| | | Замолници во кривично |
| | | Замолници во граѓанско |
| | | Клевета и навреда |
| | | ЗАВ – Х апостиле |
| | | Зав – нд |
| | | Одс |
| | | Повторување на постапката ПРК – ПОВ |

| | | |
|---|---|---|
| | | Оставина решена од нотар |
| | | Судска управа |
| | | Платни налози по жалба |
| | | ///// |

Воедно, мора да се земе предвид дека судовите си водат евиденција согласно надлежноста, основна или проширена, а секако Основните судови Скопје 1 и 2 имаат најразновидна евиденција заради најголемата надлежност. Тоа секако беше земено предвид во оваа анализа. Но, она што е забележано е дека дури и судовите од иста надлежност водат различна евиденција. На пример, во извештаите за 2017 година забележано е дека Основниот суд во Кавадарци има 15 ставки во делот „предмети кои не се опфатени со ориентациона норма", за разлика од Основниот суд во Кичево кој има 18 ставки.

Различното водење на евиденција од страна на судовите, за потребите на оваа анализа, е истолерирано со оглед дека земени се во предвид вкупните бројки по одделни видови на предмети (граѓански, кривични и други). ***Сепак, ваквата востановена состојба упатува на потребата од преземање на соодветни чекори за воедначување на водењето на судската евиденција.***

Меѓу другото, утврдено е дека некои судови во периодот 2011 - 2013 година година не издвојувале предмети кои не влегуваат во норма, па така евиденција водат во кривичен, граѓански оддел и административната работа на судот која ја сведуваат на нула (Основните судови во Берово и Тетово) или многу помалку од онаа евиденција наредните години. Почнувајќи од 2014 година судовите издвојуваат податоци за предмети во кривичен, граѓански оддел и предмети кои не влегуваат во судска норма (види Графикони 9 и 10).

Во таа смисла, мора да се спомене дека Основниот суд Скопје 1 за 2009, 2010, 2011 и 2012 година не доставил податок за административна работа (судска управа). За 2013 година има само мала бројка од 200 предмети од судска управа, а сè останато е заведено како предмети во работа. За споредба, во 2014 година Основниот суд Скопје 1 Скопје во својот извештај навел дека имал 19.368 останати предмети (судска управа).

Она што е впечатливо е дека периодот после 2010 година е период кога започнува примената на автоматизираниот комјутерски систем за управување со предмети (во натамошниот текст: АКМИС) во судовите и воедно, започнува оценувањето на судиите исклучиво по податоци од АКМИС-от. Дел од стручниот тим кој вршеше надзор во АКМИС-от во судовите во 2017 година истакнува дека проблемот

во евидентирањето на судските предмети беше резултат на недостаток на единствена методологија за начинот на евидентирање во судовите и давањето на дискреционо право на претседателите на судовите да одредуваат како ќе се евидентираат одредени предмети.

***Јасно е дека донесувањето на единствена методологија за евидентирање на предметите во судовите е повеќе од неопходно. Надлежните субјекти за водењето на АКМИС-от и неговото функционирање мора да си ја преземат целосно одговорноста.***

Секоја европска држава при изготвување на ваква анализа мора да го земе предвид компаративниот извештај на Европската комисија за ефикасност на судството (*CEPEJ*) кои се изготува на секои две години. Оваа анализа ги користи најновите податоци на *CEPEJ* со оглед дека последниот објавен извештај е од октомври 2018 година. Иако податоците во извештајот на *CEPEJ* се податоци за судствата во европските држави со состојба во 2016 година, сепак тие се релевантни за оваа анализа и се искористени при нејзината изработка.

Меѓутоа, мора да се нагласи една состојба која треба да биде земена во предвид. Имено, *CEPEJ* врши анализа на одредени статистички податоци споредено со број на жители. Една таква споредба во Република Македонија, во моментов, ги релативизира заклучоците со оглед дека последниот попис во нашата држава беше пред 16 години, односно во 2002 година.

## V. СУДСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### 1. БРОЈ НА СУДОВИ

Денес, судската мрежа на Република Македонија согласно Законот за судовите („Службен весник на РМ“ број 58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18) ја сочинуваат вкупно 34 судови и тоа:

- 27 основни судови
    - Основни судови со основна надлежност во следните градови:
        1) Берово
        2) Виница

3) Гевгелија
4) Дебар
5) Делчево
6) Кавадарци
7) Кичево
8) Кратово
9) Крива Паланка
10) Крушево
11) Неготино
12) Радовиш
13) Ресен
14) Свети Николе

- Основни судови со проширена надлежност во следните градови:
    1) Битола
    2) Велес
    3) Гостивар
    4) Кочани
    5) Куманово
    6) Охрид
    7) Прилеп
    8) Основен суд Скопје 1 Скопје
    9) Основен суд Скопје 2 Скопје
    10) Струга
    11) Струмица
    12) Тетово
    13) Штип

- 4 Апелациони судови
    1. Битола
    2. Гостивар
    3. Скопје
    4. Штип
- 2 управни судови и тоа: Управен суд и Виш Управен суд во Скопје
- Врховен суд на Република Македонија.

Република Македонија со 1,2 судови во однос на 100 000 жители во прв степен и 1,6 за сите судови е на европскиот просек кој е 1,22 за судовите од прв степен и 1,9 за сите судови.[14] Компаративно со земјите од ЕУ, сликата е следна:

| Земја | Број на судови во прв степен на 100 000 жители | Број на судови во сите степени на 100 000 жители |
|---|---|---|
| Австрија | 1,5 | 1,2 |
| Белгија | 0,1 | 2,4 |
| Бугарија | 1,6 | 2,6 |
| Хрватска | 0,5 | 4,9 |
| Чешка | 0,8 | 0,9 |
| Данска | 0,4 | 0,5 |
| Естонија | 0,3 | 1,6 |
| Финска | 0,5 | 1,3 |
| Германија | 0,9 | 1,3 |
| Грција | 2,7 | 3,0 |
| Италија | 0,8 | 1,4 |
| Латвија | 1,4 | 2,1 |
| Литванија | 1,9 | 2,2 |
| Холандија | 0,1 | 0,2 |
| Норвешка | 1,2 | 1,4 |
| Полска | 0,9 | 1,0 |
| Португалија | 2,8 | 2,5 |
| Романија | 1,2 | 1,2 |
| Словачка | 1,0 | 1,2 |
| Словенија | 2,7 | 3,7 |
| Франција | 1,2 | 1,0 |

[14] CEPEJ, Извештај бр.26 за Европските судски системи, ефикасност и квалитет на правдата, Совет на Европа, октомври 2018 година, стр.198

## 2. БРОЈ НА СУДИИ

Република Македонија во 2008 година имала 696 судиски места по систематизација, од кои 655 биле пополнети. Систематизираните судиски места се најмногу зголемени во 2012 година на 740 кога биле именувани 682 судии. Систематизацијата е ревидирана во 2015 година кога истата била намалена на 636 што е состојба и денес од кои пополнети во моментов се 540 судиски места во сите судови во Република Македонија.

Министерството за правда во август 2018 година побара од Судскиот совет анализи за систематизацијата на судовите со цел да се утврди врз основа на што се вршело промена на истата.[15] Одговор не е добиен што ги потврдува извештаите на странските експерти за отсуство на стратешки пристап во однос на човечките ресурси во судството.

Во Извештајот на *CEPEJ* за Република Македонија со состојба од 2016 година со 566 судии утврден е просек од 27 судии на 100 000 жители. Состојбата драстично не се разликува во 2018 година кога имаме 540 судии, односно просек од **26 судии на 100 000 жители** што е повисоко од европскиот просек од 22 судии на 100 000 жители.[16]

CEPEJ забележува дека во Република Македонија има пад на бројот на судии од 2010 година кога имало просек од 32,3 судии на 27,3 во 2016 година.[17] За споредба, просекот на судии на 100 000 жители во другите држави во 2016 година е следен:

| Земја | Просечен број на судии на 100 000 жители |
|---|---|
| Данска | 6 |
| Франција | 10 |
| Италија | 11 |
| Шпанија | 12 |
| Шведска | 12 |
| Белгија | 14 |
| Холандија | 14 |

[15] Со Допис бр.08-3534/6 од 29.08.2018 година
[16] CEPEJ, Извештај бр.26 за Европските судски системи, ефикасност и квалитет на правдата, Совет на Европа, октомври 2018 година, стр.105
[17] CEPEJ, Извештај бр.26 за Европските судски системи, ефикасност и квалитет на правдата, Совет на Европа, октомври 2018 година, стр.108

| | |
|---|---|
| Естонија | 18 |
| Португалија | 19 |
| Германија | 24 |
| МАКЕДОНИЈА | 26 |
| Грција | 26 |
| Литванија | 27 |
| Чешка Република | 28 |
| Словенија | 43 |
| Хрватска | 43 |

***Земајќи го предвид бројот на населението во Република Македонија и компаративните вредности во другите европски држави, јасно произлегува дека нашата држава треба да тежнее кон намалување на вкупниот број на судии.***

3. СУДИИ ПО ИНСТАНЦИ

Во однос на поделеноста по степени, во Република Македонија 77% од судиите се во прв степен, 19% се во втор степен и 4% во Врховен суд. Европскиот просек за поделеноста на судиите по степени е 73% во прв степен, 22% во втор степен и 6% од судиите во Врховните судови.[18]Во однос на Македонија, во втор степен исто или повеќе судии имаат судовите во Белгија (19%), Хрватска (27%), Чешка Република (36%), Данска (27%), Естонија (19%), Франција (25%), Германија (20%), Грција (32%), Латвија (28%), Холандија (23%), Португалија (21%), Словенија (24%), Шпанија (28%), Шведска (31%).

***Една препорака која произлегува е дека наредните чекори во рационализација на судската мрежа треба да го разгледаат прашањето за зголемување на бројот на судиски места во повисоките инстанци за сметка на судиските места во судовите во прв степен.***

[18] CEPEJ, Извештај бр.26 за Европските судски системи, ефикасност и квалитет на правдата, Совет на Европа, октомври 2018 година, стр.114

## 4. РОДОВА ПОДЕЛЕНОСТ НА СУДИИТЕ

Една ваква анализа мора да ги нагласи и позитивните работи во организацијата на судството во Република Македонија. Една од нив е родовата поделеност, односно фактот дека 60% од судиите се жени, а 40% се мажи со што се надминува европскиот просек од 53% жени, а 47% мажи. Над европскиот просек сме во сите степени во судството и тоа прв (61% жени и 39% мажи), втор степен судови (55% жени и 45% мажи), и во Врховниот суд на Република Македонија (52% жени и 42% мажи).

Европскиот просек во судовите во прв степен е 57% жени и 43% мажи, во втор степен е 50% жени и 50% мажи, а во Врховните судови 37% жени и 63% мажи.[19]

Во однос на родовата слика кај претседателите на судовите поделеноста е 59% мажи и 41% жени. Европскиот просек е 66% мажи и 35 жени.[20]

## 5. ПЕНЗИОНИРАЊЕ НА СУДИИ

Во однос на годините за пензионирање, во Република Македонија најрано се пензионираат судиите од сите европски држави со 64 години старост. Во најголемиот број на европски држави старосната граница за пензионирање е 65, 67 или 68 години, а има и голем број на држави кои ги пензионираат судиите со навршени 70 години (Белгија, Хрватска, Чешка Република, Данска, Ирска, Италија, Латвија, Холандија, Норвешка, Португалија, Словенија).[21]

Секако, постојниот предлог во Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите со кој се предвидува можност за судиите да продолжат со работа до 67 години е во чекор со современите европски трендови.

---

[19] CEPEJ, Извештај бр.26 за Европските судски системи, ефикасност и квалитет на правдата, Совет на Европа, октомври 2018 година, стр.116.

[20] CEPEJ, Извештај бр.26 за Европските судски системи, ефикасност и квалитет на правдата, Совет на Европа, октомври 2018 година, стр.118

[21] CEPEJ, Извештај бр.26 за Европските судски системи, ефикасност и квалитет на правдата, Совет на Европа, октомври 2018 година, стр.121

## 6. СУДСКИ СЛУЖБЕНИЦИ ВО СУДОВИТЕ

Односот на несудски персонал по судија во 2016 година во Република Македонија бил точно колку што е и европскиот просек, односно 3,9. Денес, со 2184 несудски персонал, односот е 4,04 судски службеници на еден судија.[22]

Од друга страна, односот на несудски персонал од 107,3 на 100 000 жители е многу повисоко од европскиот просек од 68,7.[23] Многу помалку судски службеници на 100 000 жители имаат другите европски држави (Види табела подолу). Единствено повеќе од Република Македонија имаат Хрватска, Полска и Словенија.

Ако се разгледа подетално по категории, во Република Македонија на 100 000 жители има 26, 6 стручни судски службеници, други административни службеници се 63, 1, технички персонал 8,1 и други 9,5.[24] Содветно, европскиот просек е 36, 6 за стручни службеници, 19,6 се други административни, 8,0 е просекот на технички персонал и останатите се 16 лица во просек на 100 000 жители. [25]

За споредување, бројот на стручните соработници во другите европски земји на 100 000 жители е повисок од оној во Република Македонија. Единствено помалку се во Австрија, Белгија и Данска.

| Земја | Однос на несудски персонал на 100 000 жители | Однос на судски соработници на 100 000 жители |
|---|---|---|
| Австрија | 63,4 | 5,7 |
| Белгија | 44,6 | 17,2 |
| Бугарија | 86,9 | 63,1 |
| Хрватска | 140,3 | 99,3 |
| Чешка | 91,8 | 42,5 |
| Данска | 28,6 | 0,2 |

[22] CEPEJ, Извештај бр.26 за Европските судски системи, ефикасност и квалитет на правдата, Совет на Европа, октомври 2018 година, стр.161
[23] CEPEJ, Извештај бр.26 за Европските судски системи, ефикасност и квалитет на правдата, Совет на Европа, октомври 2018 година, стр.162
[24] Други се припадниците на судската полиција
[25] CEPEJ, Извештај бр.26 за Европските судски системи, ефикасност и квалитет на правдата, Совет на Европа, октомври 2018 година, стр.162

| | | |
|---|---|---|
| Естонија | 66,7 | 46,7 |
| Финска | 39,4 | // |
| Германија | 64,7 | 34,2 |
| Грција | 39,3 | // |
| Италија | 35 | 27,9 |
| Латвија | 80,3 | 54,4 |
| Литванија | 96,2 | 53,6 |
| Холандија | 42,8 | // |
| **Норвешка** | **17,1** | // |
| Полска | 112,3 | 63 |
| Португалија | 54,8 | 51,8 |
| Романија | 52,4 | 31,5 |
| Словачка | 82,5 | 39,4 |
| Словенија | 161,2 | 40 |
| Франција | 33,9 | 28,2 |
| Шпанија | 105,7 | // |

***Бројките јасно укажуваат дека стратегијата за човечки ресурси треба во иднина да биде насочена кон зголемување на бројот на стручните судски соработници во судовите, а намалување на лицата кои вршат административна работа.***

# VI. ОПТОВАРЕНОСТ СО РАБОТА НА ОСНОВНИТЕ СУДОВИ

## 1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Оптовареноста на основните судови за периодот 2008 – 2017 година бележи драстичен пад што не е случај со падот на судиските места по систематизација и пополнетите судиски места (види Графикон 12).

Вкупната бројка од 1.665.498 предмети во 2008 година паднала на 563.241 предмет во 2012 година, а во 2017 била 526.610 за сите основни судови или бројката на предмети во 2017 е три пати помала од таа во 2008 година.

Ваквиот пад произлегува од префрлањето на извршните 446.100 извршни предмети во надлежност на извршителите во 2011 година, префрлањето на надлежноста за постапување на оставински предмети на нотарите,[26] како и постапките по платен налог чиј број на годишно ниво заклучно со 2016 година се движеше околу 250.000, за во 2017 година да падне на 83.763 предмети. Од наведенените податоци произлегува дека останатиот пад од повеќе од 250.000 предмети на годишно ниво во сите судови се должи на измените во процесното и материјалното законодавство.

Реформите во законодавството во изминатата деценија јасно резултираа со драстичен пад на предметите во работа на судовите. Очигледно е дека се постигна ефектот постапките пред судовите да се намалат. Но, со бројните забелешки кои беа добиени изминатите години во однос на правосудството, легитимно се поставува прашањето дали процесните закони се и пречка за остварување на правата од страна на граѓаните, односно дали процесните претпоставки и услови за поведување на постапка не ги одвраќаат граѓаните од тоа да си бараат заштита од судовите во Република Македонија.[27]

За разлика од падот на вкупниот број на предмети, систематизацијата на судските места и пополнети судиски места не бележи таков пад. Сепак, во 2015 година се направила интервенција во систематизацијата на слободни судиски места од 546 на 456 судиски места во основните судови, а пополнетоста на судовите од 521 судија во 2008 година паднала на 393 во 2017 година (види: Графикон 4).

Исто така, забележителни се бројките по просечен број на предмети во работа годишно по судија во сите основни судови (види Графикон 1). Најмалку предмети во 2008 година по судија имал Основниот суд во Крива Паланка и тоа 624 предмети, во 2012 година најмалку предмети во работа имал судија во Кратово и тоа 462 предмети, а во 2017 година најмалку предмети во работа имал судија на Основниот суд во Крушево и тоа 527.

Симптоматично е што во 2008 година најмногу предмети по судија имал судија во Основниот суд Скопје 2 Скопје и тоа 7529,3 предмети за таа бројка да падне на 983,5

---

[26] Според анализите на Министерството за правда, вкупната број на оставински предмети во сите судови на годишно ниво е нешто помалку од 20.000

[27] Во јавноста има реакции на концециските измени на Законот за парничната постапка која истата ја направија прилично скапа за граѓаните со негативен ефект во однос на поведувањето на постапки

предмети во 2012 година и 848 предмети во 2017 година. Следствено, повеќе предмети по судија има во 2017 година во судовите во Битола (1298.9), Охрид (1052.2), Прилеп (1254.1), Ресен (1223.7), Струга (1240.2), Гостивар (2189.7), Дебар (1930.5), Кичево (1552.1), Тетово (1286.1), Велес (1008.3), Кавадарци (1362.9), Крива Паланка (960.9), Куманово (1369.7), Неготино (1427.7), Основен суд Скопје 1 Скопје (1884.2), Берово (965), Виница (1288.7), Делчево (1884.7), КОчани (1744), Радовиш (1622.1), Свети Николе (1287.5), Струмица (1487.5) и Штип (1256.5) (Види Табела 5).

Ваквите податоци укажуваат на потребата од подлабока анализа на предметите и работењето на сите основни судови во Република Македонија. Во моментов, го истакнуваме најголемиот пад на предмети во работа по судија во основните судови во следнава табела:

| **Суд** | **Годин а** | **Просечен број на решени предмет и по судија во годината** | **Просечен број на решени предмет и по судија во месец** | **Просечен број на предмет и во работа по судија во годината** | **Просечен број на предмет и во работа по судија во месец** |
|---|---|---|---|---|---|
| **ОС Битола** | | | | | |
| | **2008** | 1824.0 | 173.7 | 3016.0 | 287.2 |
| | **2017** | 1135.5 | 108.1 | 1298.9 | 123.7 |
| **ОС Крушево** | | | | | |
| | **2008** | 511.2 | 48.7 | 1117.8 | 106.5 |
| | **2017** | 473.0 | 45.0 | 527.3 | 50.2 |
| **ОС Охрид** | | | | | |
| | **2008** | 2325.3 | 221.5 | 3503.2 | 333.6 |
| | **2017** | 872.1 | 83.1 | 1052.2 | 100.2 |
| **ОС Прилеп** | | | | | |
| | **2008** | 2354.6 | 224.2 | 4421.2 | 421.1 |
| | **2017** | 1073.7 | 102.3 | 1254.1 | 119.4 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ОС Ресен** | | | | | |
| | **2008** | 911.1 | 86.8 | 1273.7 | 121.3 |
| | **2017** | 1062.0 | 101.1 | 1223.7 | 116.5 |
| **ОС Струга** | | | | | |
| | **2008** | 1048.4 | 99.8 | 1571.8 | 149.7 |
| | **2017** | 1104.7 | 105.2 | 1240.2 | 118.1 |
| **ОС Гостивар** | | | | | |
| | **2008** | 2144.5 | 204.2 | 3970.0 | 378.1 |
| | **2017** | 1918.0 | 182.7 | 2189.7 | 208.5 |
| **ОС Дебар** | | | | | |
| | **2008** | 1164.8 | 110.9 | 1577.0 | 150.2 |
| | **2017** | 1866.8 | 177.8 | 1930.5 | 183.9 |
| **ОС Кичево** | | | | | |
| | **2008** | 1001.1 | 95.3 | 1133.7 | 108.0 |
| | **2017** | 1445.7 | 137.7 | 1552.1 | 147.8 |
| **ОС Тетово** | | | | | |
| | **2008** | 1668.4 | 158.9 | 3640.3 | 346.7 |
| | **2017** | 1083.1 | 103.1 | 1286.1 | 122.5 |
| **ОС Велес** | | | | | |
| | **2008** | 1267.7 | 120.7 | 2621.6 | 249.7 |
| | **2017** | 883.9 | 84.2 | 1008.3 | 96.0 |
| **ОС Гевгелија** | | | | | |
| | **2008** | 1571.6 | 149.7 | 1852.8 | 176.5 |
| | **2017** | 780.5 | 74.3 | 869.4 | 82.8 |
| **ОС Кавадарци** | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | 960.8 | 91.5 | 1315.7 | 125.3 |
| | **2017** | 1209.0 | 115.1 | 1362.9 | 129.8 |
| **ОС Кратово** | | | | | |
| | **2008** | 528.0 | 50.3 | 730.7 | 69.6 |
| | **2017** | 587.7 | 56.0 | 640.0 | 61.0 |
| **ОС Крива Паланка** | | | | | |
| | **2008** | 525.2 | 50.0 | 623.7 | 59.4 |
| | **2017** | 841.1 | 80.1 | 960.9 | 91.5 |
| **ОС Куманово** | | | | | |
| | **2008** | 1096.5 | 104.4 | 2360.5 | 224.8 |
| | **2017** | 1202.0 | 114.5 | 1369.7 | 130.4 |
| **ОС Неготино** | | | | | |
| | **2008** | 1230.6 | 117.2 | 3174.5 | 302.3 |
| | **2017** | 1098.0 | 104.6 | 1427.0 | 135.9 |
| **ОС Скопје I Скопје** | | | | | |
| | **2008** | 2080.3 | 198.1 | 3044.6 | 290.0 |
| | **2017** | 1499.6 | 142.8 | 1884.2 | 179.5 |
| **ОС Скопје II Скопје** | | | | | |
| | **2008** | 1141.3 | 108.7 | 7529.3 | 717.1 |
| | **2017** | 664.2 | 63.3 | 848.3 | 80.8 |
| **ОС Берово** | | | | | |
| | **2008** | 960.2 | 91.4 | 1129.3 | 107.6 |
| | **2017** | 809.8 | 77.1 | 965.0 | 91.9 |
| **ОС Виница** | | | | | |
| | **2008** | 887.6 | 84.5 | 1032.0 | 98.3 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2017** | 1158.3 | 110.3 | 1288.7 | 122.7 |
| **ОС Делчево** | | | | | |
| | **2008** | 776.2 | 73.9 | 951.5 | 90.6 |
| | **2017** | 1681.0 | 160.1 | 1884.7 | 179.5 |
| **ОС Кочани** | | | | | |
| | **2008** | 1127.4 | 107.4 | 1860.3 | 177.2 |
| | **2017** | 1538.0 | 146.5 | 1744.0 | 166.1 |
| **ОС Радовиш** | | | | | |
| | **2008** | 1541.1 | 146.8 | 1868.2 | 177.9 |
| | **2017** | 1544.4 | 147.1 | 1622.1 | 154.5 |
| **ОС Св. Николе** | | | | | |
| | **2008** | 1077.3 | 102.6 | 1310.5 | 124.8 |
| | **2017** | 1174.5 | 111.9 | 1287.5 | 122.6 |
| **ОС Струмица** | | | | | |
| | **2008** | 977.0 | 93.0 | 1365.0 | 130.0 |
| | **2017** | 1342.6 | 127.9 | 1487.5 | 141.7 |
| **ОС Штип** | | | | | |
| | **2008** | 905.1 | 86.2 | 1261.4 | 120.1 |
| | **2017** | 1075.7 | 102.5 | 1256.5 | 119.7 |

Бројот на предмети во работа по судија е три пати намален кај основните судови во Битола, Охрид, Прилеп, Тетово, а е два пати намален кај основните судови во Крушево, Гостивар, Велес, Гевгелија, Куманово, Неготино, Основниот суд Скопје 1 Скопје. Нема драстично намалување на предметите во работа по судија во основните судови во Ресен, Струга, Кичево, Кавадарци, Кратово, Берово, Кочани, Радовиш, Свети Николе, и Штип.

Во некои судови е забележано зголемување на вкупниот број на предмети во работа по судија и тоа во Крива Паланка, Виница, Делчево, Струмица. Колку е реално

ова зголемување, може да се заклучи од анализата на вкупно кривични и граѓански предмети во работа (Види  графикони 5-8).  Подеталната проверка на податоците покажуваат дека наведените судови во своите годишни извештаи покажуваат висока бројка на останати предмети, односно предмети кои не влегуваат во норма и тие драстично ја зголемуваат вкупната бројка на предмети во работа во судот, што е јасно видливо од следниот извадок од Табелата бр.1

| | Кривични предмети | Граѓански предмети | Останати |
|---|---|---|---|
| ОС Крива Паланка | | | |
| 2008 година | 4065 | 546 | 1002 |
| 2017 година | 1308 | 451 | 3426 |
| ОС Виница | | | |
| 2008 година | 2056 | 492 | 0 |
| 2017 година | 883 | 543 | 2393 |
| ОС Делчево | | | |
| 2008 година | 3511 | 752 | 2357 |
| 2017 година | 1194 | 641 | 3720 |
| ОС Струмица | | | |
| 2008 година | 19827 | 4501 | 13293 |
| 2017 година | 5563 | 2596 | 13896 |

Во изработката на оваа анализа не можевме да утврдиме колку имало кривични или граѓански предмети во работа по судија од едноставна причина што немаме податок за поделеноста на судиите по области во секој суд. Сепак, таква анализа ќе мора да направи Судскиот совет при утврдување на бројот на судиски места по судовите.

Но, она што можевме да го утврдиме е оптовареноста на судиите, земајќи ги предвид само граѓанските и кривичните предмети кои се евидентираат дека се опфатени со ориентациона норма. Во овој случај, се добива една поинаква слика. Така, произлегува дека најмногу предмети во  работа во годината имал судија од Основниот суд Скопје 1 Скопје (1254) и Основниот суд во Гостивар (1056), а судија од Основниот суд Скопје 2 Скопје имал 603 предмети во работа во годината (види Табела 10).

Во однос на судовите со основна надлежност  под просекот од 496 предмети во работа во годината се судиите во основните судови во Крушево (223), Дебар (283),

Гевгелија (448), Кратово (213), Крива Паланка (320), Берово (379) и Винива (475) (види Табела 12).

2. Основни судови со основна надлежност наспроти основни судови со проширена надлежност

Голема е разликата на оптовареноста на судовите меѓу судовите со основна надлежност со оние со проширена надлежност (види Графикон 12). Така, основните судови со основна надлежност во 2008 година имале вкупно 168 596 предмети, а во 2017 дупло помалку или 87 330 предмети.

Од друга страна, основните судови со проширена надлежност имаат три пати поголем пад на бројот на предмети кој во 2008 година бил 1.496.902 предмети, а во 2017 година 439.280 предмети.

Падот на просечниот број на судии во основните судови е забележан и така во 2008 година судовите со основна надлежност имале 119,5 судии, а во 2017 година 69.2. Кај основните судови со проширена надлежност падот е сличен, односно 401.4 судии во 2008 година биле сведени на 323.8 судии во 2017 година (види: Графикон 11).

Основна математичка пресметка од вкупниот број на предмети во работа во однос на просечниот број на судии низ годините го покажува следното:

1. **Судија во основен суд со основна надлежност во 2008 година работел по 1411 предмети годишно;**
2. **Судија во основен суд со основна надлежност во 2017 година работел по 1263 предмети годишно;**
3. **Судија во основен суд со проширена надлежност во 2008 година работел по 3729 предмети годишно;**
4. **Судија во основен суд со проширена надлежност во 2017 година работел по 1357 предмети годишно.**

Разликите во оптовареноста меѓу основните судови со основна надлежност со судовите со проширена надлежност е видлива и преку други анализи. Првично, средната вредност на предмети во работа покажува драстична разлика (види Графикон 2). Така, основните судови со проширена надлежност биле 9,5 оптоварени повеќе од основните судови со основна надлежност во 2008 година, 6 пати повеќе во 2012, а во 2017 година 5 пати повеќе.

Исто така, забележителна е разликата што ја прават Основните судови Скопје 1 и Скопје 2 кај судовите со проширена надлежност.

| | Средна вредност на предмети во работа | | |
|---|---|---|---|
| | 2008 | 2012 | 2017 |
| Основни судови со основна надлежност | 12 043 | 6036 | 6238 |
| Основни судови со проширена надлежност | 115 146 | 36 825 | 33791 |
| Основни судови со проширена надлежност без основните судови Скопје 1 и Скопје 2 | 62 638 | 25082 | 23909 |
| Сите основни судови | 66920 | 23177 | 21 958 |

Иако оптовареноста на судиите во основните судови со основна и проширена надлежност се приближила во 2017 година, сепак оптовареноста е далеку поголема во судовите со проширена надлежност земајќи ја предвид стварната надлежност утврдена во членовите 30 и 31 од Законот за судовите.

Вредно е да се спомене и еден друг заклучок во однос на оптовареноста на судиите во судовите со проширена надлежност без основните судови Скопје 1 и 2 во однос на оптовареноста кога се земаат предвид и овие 2 основни суда (види Табели 6 и 7). Во однос на 2017 година, состојбата е видлива од следниот извадок од табелите:

| | 2017 година | |
|---|---|---|
| | Просечен број на предмети во работа по судија во годината | Просечен број на решени предмети по судија во годината |
| Основни судови со проширена надлежност | 1356.8 | 1137.2 |
| Основни судови со проширена надлежност без основните судови Скопје 1 и Скопје 2 | 1375.1 | 1196.1 |

Во смисла на горенаведеното, мора да се спомене фактот дека има повици за ревидирање на стварната надлежност на Одделението за организиран криминал и

корупција во Основниот суд Скопје 1, односно враќање на надлежноста за одделни дела и во другите основни судови.[28]

Падот во систематизираните судиски места е извршен во 2015 и кај основните судови со основна надлежност (од 124 во 2014 година на 82 во 2015 година), но и кај основните судови со проширена надлежност (од 428 во 2014 на 374 во 2015 година) (види Графикон 4). Кај првите бројот е намален за 42 судиски места, а кај вторите за 54 места. Во недостаток на информации од Судскиот совет, не можеме да кажеме на што се должи ваквото намалување.

Воедно, разликата меѓу систематизираните судиски места и пополнетите судиски места е поголема кај основните судови со проширена надлежност која во 2017 година е 50, а за основните судови со основна надлежност е 13.

***Наведените бројки јасно укажуваат на потребата од сериозен пристап во планирањето и пополнувањето на судиските места.***

3. Основни судови со основна надлежност

Фокусот само на судовите со основна надлежност доведува до нови заклучоци (види Графикон 3). Основните судови со основна надлежност во Крушево, Ресен, Дебар (со исклучок на 2017),[29] Кратово, Крива Паланка, Берово, Виница, Делчево и Свети Николе, сите години се под просечната линија на предмети во судовите со основна надлежност. Основниот суд во Неготино бил над таа линија сè до 2016 година. Само основните судови во Кичево, Гевгелија, Кавадарци и Радовиш остануваат над просечната линија на предмети во работа за судовите во основна надлежност.

Доколку се анализираат предметите по области, слична е состојбата и кај кривичните предмети. Над просечната линија на предмети се основните судови во Кичево, Гевгелија, Кавадарци, Неготино и Радовиш (види Графикон 6). Кај граѓанските предметите, во 2017 година над просечната линија остануваат само судовите во Кичево, Гевгелија и Кавадарци.

---

[28] Проценка на влијанието на регулативата (ПВР) на Законот за судови, Институт за европска политика, Скопје, 2018 година, достапно на: http://epi.org.mk/docs/Rabotna%20verzija_PVR_Zakon_za_Sudovi.pdf ,стр.25-29

[29] Основен суд Дебар за 2017 предмети пријавил 3232 апостили кои се заведени како бројка во предметите кои не влегуваат во норма

Тргнувајќи од горенаведеното, применувајќи ја праксата во ревидирање на судксата мрежа во Италија,[30] јасно произлегува дека основните судови во Кичево, Гевгелија и Кавадарци треба да го задржат статусот на основни судови.

## 4. Стопански предмети во судовите во Република Македонија

Повиците на бизнис заедницата и стручната јавност за брзи и ефикасни судски постапки во решавањето на стопанските предмети во работа беше поттик да направиме една кратка анализа во однос на овие предмети во судовите во Република Македонија.[31]

Анализата на бројот на вкупните трговски предмети по апелациони судови покажува нивно драстично намалување од 2008 до 2017 година во апелационите судови во Битола и Гостивар, односно преполовување на бројот на предметите.[32] Имено, Апелациониот суд во Битола од 1630 предмети во 2008 година паднал на 832 предмети во 2017 година, а Апелациониот суд во Гостивар од 764 предмети во 2008 година се спуштил на 318 предмети во 2017 година (види Графикон 1 Трговски предмети во работа во апелациони судови).

Апелациониот суд во Штип го задржал бројот на трговски предмети кои во 2008 година биле 499, а во 2017 година 502 предмети. Единствено Апелациониот суд во Скопје бележи пораст на бројот на трговските предмети од 2467 во 2008 година на 4372 предмети во 2017 година.

Сепак, вкупната бројка на трговски предмети во државата во сите апелациони судови низ години е стабилна и се движи меѓу 5360 предмети во 2008 година, 7056 во 2011 година и 6024 предмети во 2017 година (види Табела 1: Стопански предмети во работа во судовите во РМ).

Но, од друга страна податоците за бројот на стопански предмети во работа во основните судови покажуваат за нивно сериозно намалување. Така, вкупниот број на трговски предмети во работа во основните судови во 2008 година бил 18.000, најмногу во 2009 биле 26.939 за да понатаму се бележи драстичен пад на 1.865 предмети во 2017 година (Види Графикон 2: Трговски предмети во работа во основни судови).

---

[30] CEPEJ, Revised Guidelines on the Creation of Judicial Maps, 6 December 2013, стр.4

[31] Терминот „стопански предмети" во оваа анализа опфаќа 3 вида на предмети кои во судовите се водат како: трговски спорови, стечаи и постапки за ликвидација

[32] Види Графикон 1: Трговски предмети во работа во апелациони судови

Разгледани подетално по судови, падот на предметите е драматичен. Во 2017 година во однос на 2008, најмал пад на предмети имале Основниот суд во Битола со 5,9 пати помалку трговски предмети и Основниот суд во Штип со 6,3 пати помалку предмети, по што следат Основниот суд Скопје 2 Скопје со 9,2 пати помалку предмети, Основниот суд во Велес со 13,7 пати помалку предмети, Основниот суд во Прилеп со 21,3 пат помалку предмети, Основниот суд во Гостивар со 43,8 пати помалку предмети (види Графикон 3: Трговски предмети во работа по судови).

Забележително е дека од 1865 вкупно трговски предмети во работа во основните судови во 2018 година, 1032 или 55,3 % биле предмети на Основниот суд Скопје 2 Скопје.

Стечајните предмети низ години се намалиле од 6.273 во 2008 година на 3.272 во 2017 година. Впечатливо е што најголем број на стечаи имало во 2014 година кога имало дури 6.663 предмети (Види Графикон 4: Стечајни предмети во работа во основни судови). Според податоците, во 2014 година зголемен број на стечајни предмети биле заведени во основните судови во Битола, Прилеп и Скопје 2 Скопје (види Табела 1: Стопански предмети во работа во судовите во РМ).

Освен 2014 година, низ годините е забележан драстичен пад на стечајните предмети во сите основни судови. Најголемо намалување на стечајните предмети е забележано кај основните судови во Струмица и Куманово и тоа 5,6 пати, па 2,8 пати кај Основниот суд во Битола, околу два пати кај основните судови во Прилеп, Охрид, Струга, Тетово и нешто помалку е кај Основниот суд во Гостивар. Единствено зголемување на стечајните предмети има во Основниот суд Скопје 2 Скопје (1.505 предмети во 2008 и 1.566 во 2017 година) (види: Графикон 5: Стечајни предмети во работа по судови).

Што се однесува на постапките за ликвидација, нивниот пад е апсолутно најголем од сите видови на предмети. Имено, вкупниот број предмети од 6.675 во 2008 година паднал на 47 во 2017 година (Види Графикон 6: Предмети ликвидација во работа во основни судови и Графикон 7: Предмети ликвидација во работа по судови).

Анализата на податоците за стопанските предмети ја наметнува дилемата во кој правец да се ревидира судката мрежа во однос на стопанските спорови. Од една страна има барања основните судови да имаат иста надлежност, а од друга страна има повици за формирање на посебни стопански судови. Мора да се земе предвид дека вкупниот број на стопански предмети во основните судови во работа во 2017 година бил 5.184 или по апелациони подрачја била следната состојба :

-основни судови во апелационо подрачје Битола имале вкупно 1.115 стопански предмети,

- основни судови во апелационо подрачје Гостивар имале вкупно 339 стопански предмети,

-основни судови во апелационо подрачје Скопје имале вкупно 3.162 стопански предмети,

-основни судови во апелационо подрачје Штип имале вкупно 568 стопански предмети.




За потсетување, во 1995 година со Законот за судовите беа укинати стопанските судови. Така, предметите кои во едно планско ориентирано стопанство каде немаше исклучително сложени трговски спорови од надлежност на специјализираните судови преминаа во надлежност на 16 суда во Република Македонија, односно во работа на многу судии кои немаа искуство во приватизација или стечај. ***Досегашнотото искуство во решавањето на стопанските предмети и нивната бројка минатите***

***години сериозно нѐ исправува пред дилемата дали е потребно враќање на некаков вид организационо решение од пред 1995 година кое би значело концентрација на стварната надлежност за решавање на стопанските предмети во мал број на судови.***

## VII. ОСТАНАТИ ФАКТОРИ

При донесување на одлуката за рационализација на судската мрежа мора да биде земена во предвид и територијалната раздалеченост меѓу градовите, иако Република Македонија е мала земја и оддалеченоста по километри меѓу градовите не е голема (види Табела 13: Оддалеченост на градовите по апелациони подрачја).

Од градовите каде има судови со основна надлежност оддалеченоста до најблискиот суд со проширена надлежност се движи меѓу 11 км Неготино – Кавадарци,[33]12.4 км меѓу Виница и Кочани до најмногу меѓу Крива Паланка и Куманово – 62.8 км, односно Гевгелија – Велес 101 км.

Сепак, географската поставеност, патната инфраструктура и економската состојба на граѓаните се показатели од исклучителна важност. Земајќи ги предвид овие фактори, за очекување е основните судови во Крива Паланка и Делчево да останат основни судови заради нивната позиција на погранични судови. Со предложените измени на Законот за судовите кои се веќе во собраниска процедура се предлага промена на статусот на основните судови во Кичево, Кавадарци и Гевгелија од основни судови со основна во основни судови со проширена надлежност. Така, би останале уште 9 основни судови со основна надлежност за чија евентуална трансформација би се размислувало.

Воедно, мора да се земе предвид препораката на *CEPEJ* за важноста од поврзаност на судот со други институции. Така, мора да се истакне дека основни јавни обвинителства во Република Македонија има вкупно 22, односно нема во Виница, Крушево, Дебар и Неготино. Дополнително, во земјата имаме вкупно 12 казнено - поправни и воспитно поправни установи (2 во Скопје, 2 во Тетово, Штип, Струга, Битола, Прилеп, Охрид, Гевгелија, Струмица , Куманово) и сите се наоѓаат во градовите

[33] Под услов да биде прифатена измената Основниот суд Кавадарци да премине во основен суд со проширена надлежност.

со основни судови со проширена надлежност, освен Гевгелија каде судот станува основен суд со проширена надлежност со последните измени.

Во дискусијата за стварната и месната надлежност не смеат да изостанат и забелешките дека во кривичните предмети каде странка е дете, надлежноста треба да се определи според најдобриот интерес на детето. Исто така, во судовите со мал број на судии се јавува редовно проблем при формирање на кривичен совет, заради што се бара делегирање на судија[34]. ***Ваквата состојба упатува на нужноста од прецизирање на услови, пред сè, на кадровската екипираност на судии и судски службеници за да може да постои и да функционира еден суд.***

## VIII. ЗАКЛУЧОЦИ

Постојната организација на судовите и нивната бројност се чини проблематична од повеќе аспекти. Статистичките показатели за обемот на работа во судовите укажуваат на потребата за исклучително сериозен и посветен пристап во рационализацијата на судската мрежа.

Првичниот заклучок е дека мора сериозно да се работи на водењето евиденција, статистика и соработка меѓу надлежните чинители во правосудството. Востановена состојба упатува на потребата од преземање на соодветни чекори за воедначување на водењето на судската евиденција, односно донесување на единствена методологија.

Во следните чекори на организација на судството, јасно е дека не треба да се размислува само во правец на намалување на број на судови и судиски места, туку ќе треба да се преиспита и стварната надлежност на судовите. Сигурно дека тоа ќе повлече анализа и евентуална измена на процесното и на материјалното право.

Една препорака која произлегува е дека наредните чекори во рационализација на судската мрежа треба да го разгледаат прашањето за зголемување на бројот на судиски места во повисоките инстанци за сметка на судиските места во судовите во прв степен. Бројките јасно укажуваат дека стратегијата за човечки ресурси треба во иднина да биде насочена кон зголемување на бројот на стручните судски соработници во судовите, а намалување на лицата кои вршат административна работа. Конечно, би

[34] Проценка на влијанието на регулативата (ПВР) на Законот за судови, Институт за европска политика, Скопје, 2018 година, достапно на http://epi.org.mk/docs/Rabotna%20verzija_PVR_Zakon_za_Sudovi.pdf, стр.23-25

требало да се утврдат условите, пред сѐ, на кадровската екипираност на судии и судски службеници за да може да постои и да функционира еден суд.

Меѓу стручната јавност веќе се дебатира идејата за рационализација на судската мрежа. Во постојната севкупна економска состојба во Република Македонија, јасно е дека не е препорачлово укинување на судовите, туку нивно трансформирање во судски одделенија на други судови, слично како во Италија. Евентуалната рационализација би значела дека треба да се направат анализи за секој суд посебно. Во таа смисла, би требало да се донесе и акциски план кој точно ќе утврди со какви кадровски ресурси би располагал идниот проширен суд со неговото одделение, односно трансформиран суд. При тоа, точно ќе треба да се определи бројот на судиите кои ќе работат, судските соработници на располагање, опремата и слично.

Дали ќе се изврши спојување на одредени судови со основна надлежност (на пример, основните судови во Делчево и Берово) или основните судови со основна надлежност ќе станат одделенија на основните судови со проширена надлежност (на пр.Основниот суд Свети Николе на Основниот суд во Штип) ќе биде одлука за чие донесување ќе треба соодветни проекции, проценки, широка консултација со стручната јавност и исклучително добра подготовка. Само на тој начин рационализацијата ќе биде прифатена и ќе ги даде посакуваните резулати.

## БИБЛИОГРАФИЈА


1. Закон за судовите („Службен весник на Република Македонија“ број бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18);
2. Закон за редовните судови ("Службен весник на СРМ" број 10/76, 30/77, 9/78, 46/82, 11/87, 24/88, 10/90, 11/91 и "Службен весник на Република Македонија" број 55/91);
3. Законот за судовите за прекршоци ("Службен весник на СРМ" број 6/85, 11/87, 24/88, 10/90 и 11/91);
4. Годишен статистички извештај за 2008 година на Министерството за правда;
5. Годишен статистички извештај за 2009 година на Министерството за правда;
6. Годишен статистички извештај за 2010 година на Министерството за правда;
7. Годишен статистички извештај за 2011 година на Министерството за правда;
8. Годишен статистички извештај за 2012 година на Министерството за правда;
9. Годишен статистички извештај за 2013 година на Министерството за правда;
10. Годишен статистички извештај за 2014 година на Министерството за правда;
11. Годишен статистички извештај за 2015 година на Министерството за правда;
12. Годишен статистички извештај за 2016 година на Министерството за правда;
13. Годишен статистички извештај за 2017 година на Министерството за правда;
14. Допис бр.08-3534/6 од 29.08.2018 година на Министерство за правда;
15. Допис бр.03-967/2 од 04.07.2018 година на Судскиот совет;
16. Допис бр.03-1066/2 од 11.07.2018 година на Судскиот совет;
17. Допис бр.03-1066/4 од 08.08.2018 година на Судскиот совет;
18. Допис бр.03-1164/2 од 23.08.2018 година на Судскиот совет;

19. *ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 1945 – 2002*, Врховен суд, Куманово, 2003 година;
20. 35 Години правосудство во СР Македонија, Републички секретаријат за правосудство, Скопје, 1982 година;
21. Проценка на влијанието на регулативата (ПВР) на Законот за судови, Институт за европска политика, Скопје, 2018 година, достапно на: http://epi.org.mk/docs/Rabotna%20verzija_PVR_Zakon_za_Sudovi.pdf;
22. CEPEJ, Revised Guidelines on the Creation of Judicial Maps, 2013, достапно на: https://rm.coe.int/1680748151;
23. CEPEJ, Извештај бр.26 за Европските судски системи, ефикасност и квалитет на правдата, Совет на Европа, октомври 2018 година.